Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 7 од Правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети ("Службен весник на Република Македонија" бр. 195/2016), на седницата одржана на ден 10.11.2017 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одобрување на Усогласени правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа

1. Се одобруваат Усогласени правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа доставени од страна на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост „МЕПСО“ Скопје, со допис бр.09-6659 од 31 октомври 2017 година.

2. Одобрените Усогласени правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа се во прилог на ова Решение.

3. Се задолжува АД МЕПСО Скопје текстот на Усогласените правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, одобрени со ова Решение да ги објави на својата веб страна.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

АД МЕПСО Скопје на 31.10.2017 година достави до Регулаторната комисија за енергетика текст на Усогласени правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, утврден од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, заради одобрување.

Република Македонија со потпишување на Договорот за основање на Енергетската заедница, меѓудругото презема обврска и за учество во регионалните иницијативи кои што ќе придонесат за формирање на заеднички пазар на електрична енергија во нашиот регион. Од овие причини, АД МЕПСО – Скопје како вршител на енергетската дејност, пренос на електрична енергија, на 31.05.2016 година го потпиша Договорот за процедурите за учество во Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа (Agreement on the procedure for MEPSO accession to CAO SEE). Претходно, овој Договор го имаат потпишано преносните систем оператори од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска, Турција, Црна Гора и Грција. Согласно овој Договор, во земјите чии преносни систем оператори го потпишале, при распределбата на прекуграничните преносни капацитети ќе се применуваат Правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа. Согласно процедурите во Енергетската Заедница, секое национално регулаторно тело од областа на енергетиката е должно да ги одобри овие Правила, по претходно доставување од националниот преносен систем оператор. Овие

Усогласени правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа се во согласност со FCA NC (Forward Capacity Allocation Network Code) усвоен од ENTSO – E и истите се применуваат во повеќето земји членки на Европската Унија. Со одобрувањето на овие Усогласени правила се овозвоможува имплементација на Регулативата 1719/2016. Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа организираше и неколку јавни расправи на кои се разгледуваа Усогласените правила, при што немаше забелешки од заинтересираните страни. Исто така, и претседателот на Одборот на регулатори на Енергетската заедница (Energy Community Regulatory Board - ECRB) со писмо од 31.08.2017 година, побара од сите регулаторни тела на земјите кои што учествуваат во Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, да ги одобрат истите. Имајќи во предвид дека ниту едно национално регулаторно тело не достави забелешки во однос на Усогласените правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, Одборот на регулатори на Енергетската заедница (Energy Community Regulatory Board - ECRB) со писмо од 31.08.2017 година, побара од сите регулаторни тела на земјите кои што учествуваат во Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, да ги одобрат истите.

На ден 10 ноември 2017 година се одржа и главна седница на Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение, незадоволната страна може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**бр. 02-1866/1**
**10.11.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**

**ПРИЛОГ: Усогласени правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа**